Барање информација од јавен карактер

[redacted]

Details Headers Plain text

Почитувани,

Ве молам да ми овозможите пристап до следната информација од јавен карактер:

Кое работно место, односно кое редовно вработено лице во Вашата установа (назив на работно место), согласно систематизацијата на работните места и утврдените работни задачи, е надлежно за организација, координација и реализација на логистичките активности поврзани со гостувања на Театарот надвор од матичната куќа?

Конкретно, ве молам да наведете **кое работно место е одговорно за договарање, организација и координација на:**

- обезбедување и организација на превоз (минибус, автобус и сл.) за гостувања во земјата и странство;
- организација и резервација на авионски билети и други видови превоз при гостувања во странство;
- подготовка, поднесување и координација на постапката за обезбедување **ATA Carnet** за пренос на сценска опрема, реквизити, декор и други материјали потребни за гостувањата во странство;
- друга неопходна логистичка координација поврзана со гостувањата на Театарот надвор од матичната куќа.

Со почит,

[redacted]

Re: Барање информација од јавен карактер

[redacted] n 2026-10-02 10:23

Details Headers

Почитуван,

Согласно вашето барање за обезбедување и организација на превоз (минибус, автобус и сл.) за гостувања во земјата и странство, одговорни лица се продуцентите на МНТ.
За организација и резервација на авионски билети одговорно лице е Сандра Стојмирова, раководител на маркетинг.
Во однос на третото прашање за подготовка, поднесување и координација на постапката за обезбедување ATA Carnet за пренос на сценска опрема, реквизити, декор и други материјали потребни за гостувањата во странство, вклучени се продуцентот во координација со техничките лица под надзор на техничкиот раководител Гунтер Кубе.
За друга неопходна логистичка координација поврзана со гостувањата на театарот надвор од матичната куќа, вклучени се повеќе сектори: продукција, меѓународна соработка, техничките служби, маркетинг до водач на патувањето, а целата координација ја одобрува директорот на институцијата.

Со почит,
РСМ НУ Македонски народен театар